# ЗАПИСНИК
## од петтиот состанок на
## бизнис клубот на Општина Гази Баба

Одржан на **14.10.2016** на премисите на компанијата Ариље Метал во индустрискиот парк МЗТ

**Присутни претставници од**: Ариљеметал, Алкалоид, Кенди, Макстил, Свемек, Мак Аутостар, Турбоинженеринг, Вардарградба, ЕМКИЦЕ, Градоначалникот Тони Тајковски и Сашо Трајков – раководител на ЛЕР и ИКР на ОГБ, Стојка Долиќоска – раководител на одделение за урбанистичко планирање и Стефанија Иванов од Иванов Инжењеринг.

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Усвојување на записникот од IV состанок.
2. Предлози од БК на ОГБ за буџетот на ОГБ за 2017 година
3. Информација за поплавите во ОГБ и за штрајкот во индустрискиот парк МЗТ
4. Презентација на усвоениот ДУП за индустриската зона Северна заобиколница
5. Информација за тековни јавни повици (саемско партнерство, бизнис иновативни идеи и испитување на деловното опкружување на ОГБ).
6. Разно

1. Усвојување на записникот од IV состанок

Записникот е едногласно усвоен.

2. Предлози од бизнис клубот на ОГБ за буџетот на ОГБ за 2017 година

**Богослав Ангелоски – претседател на БК:** По оваа точка му даде збор на Градоначалникот на ОГБ

**Градоначалник Тони Трајковски**: ОГБ својот буџет го носи во две фази, и го усвојува во втората половина на месец Декември. Во таа насока ги поканувам сите членови на бизнис клубот, како и сите деловни субјекти во ОГБ да земат активно учество во креирањето на буџетот на ОГБ со свои предлог проекти од значење за сите деловни субјекти во ОГБ. Истите предлози тимовите на ОГБ ќе ги разгледаат и во рамките на нашите финансиски можности истите ќе ги вградиме во некоја од програмите на ОГБ. Притоа фокусот не мора да биде само на инфраструктурата, тоа може да биде и во останатите 20-тина програми на општината.

**Заклучок** : Да се доставуваат предлози во пишана форма од страна на бизнис заедницата во Општината Гази Баба, а посебно од страна на Бизнис Клубот до Градоначалникот на ОГБ при подготвувањето и донесувањето на Буџетот на ОГБ, најкасно до 07.11.2016 година

a. Сите компании со свои предлози, забелешки и предлози
b. Бизнис клубот со свои предлози (во предвид да се земат предлозите од 2015 година)

**Претседател на БК на ОГБ**: Заклучокот ставен на гласање и со консензус усвоен од сите присутни членови на БК на ОГБ.

3. Информација за поплавите во ОГБ и штрајкот во индустрискиот парк МЗТ

**Тони Трајковски**: Се заблагодари на сите компании кои дадоа придонес во санирањето на последиците од поплавите во кризниот регион на ОГБ, како и во поддршката на настраданато население со материјална или финансиски помош. Исто така голема благодарност и до компаниите кои ја ставија својата механизација во функција на отстранување на ѓубрето, отпадот, калта во кризниот регион. Вкупно од кризниот регион без дислоцирани три милиони кубни метри отпад. Со поплавите беа настрадани повеќе од 5000 домаќинства и беа предизвикани големи материјални штети по имотите и земјоделските површини на населението и деловните субјекти од тој регион. Побара од компаниите и во наредниот период да помагаат на настраданото население во рамките на своите можности.

**Заклучок на БК**: Апел испратен до сите компании, посебно на тие што се на територијата на Општината Гази Баба да се вклучат уште поактивно за обезбедување на помош на настраданите жители во поплавениот регион (Апелот да се испрати и во писмена форма подготвен од страна на Претседателот и Секретарот на Бизнис клубот)

c. Финансиски (кој колку може, според сопствената финансиска кондиција)
d. Материјално, преку Бизнис клубот
e. Директно, според свое видување

**Претседател на БК**: Даде информација за штрајкот на вработените на МЗТ Леарница кои повеќе од 40 дена штрајкуваа и притоа затварајќи го пристапот по улицата Перо Наков и влезот во индустриската зона МЗТ. Таквото однесување предизвика катастрофални финансиски штети по работењето на повеќе од 200 компании кои гравитираат во реонот на индустриската зона МЗТ. Од страна на секретарот и Претседателот на БК беа испратени писмени барања до сите релевантни институции (МВР, Мин за финасии, Мин за економија, Мин за транспорт и врски и до Владата на РМ) да помогнат во дадената ситуација. Притоа се потенцираше дека БК нема никакви проблеми со правото на протест на вработените на МЗТ Леарница, туку со ограничувањето на правото на останатите компании и вработени нарушувајќи го нивниот нормален тек на работење со големи последици во исполнувањето на договорните обврски кон деловните партнери во земјата и странство. Се потенцираше и потребата од проширување на улицата Перо Наков, како и покренување иницијатива за измена и дополнување на законот за штрајк во делот на местото на одвивање на штрајкот.

**Заклучок на БК**:
Да се проследи иницијатива од БК на ОГБ до градот Скопје за проширување на улицата Перо Наков, и

Предлог за поднесување на иницијатива за Изменување и дополнување на Законот за штрајк во однос на местото каде е дозволено да се одвива еден штрајк.

**Претседател на БК**: Заклучоците беа ставени на гласање и усвоени со консензус од сите присутни членови на БК.

4. Презентација на усвоениот ДУП за индустриска зона Северна заобиколница

**Стојка Долиќоска**: Го презентираше новиот ДУП за индустриската зона северна заобиколница на територија од 285 ха, давајќи увид во сите поволности кои ги носи новата зона, со акцент на лесната индустрија, транспортните терминали, стоваришта и магацини, дистрибутивни центри, мали и големи деловни и трговски центри. Одлична местоположба, на влез во Скопје покрај северната заобиколница на градот Скопје и блиску до сите потрошувачки центри во регионот и пошироко.

5. Информација за тековни јавни повици

**Сашо Трајков**: Даде преглед на тековните јавни повици за проектите саемско партнерство (избор на три компании за заедничко учество на саемот за недвижнини во Минхен 2017), бизнис иновативни идеи – студии на случај (се покануваат студентите, старт ап компаниите и физичките лица да земат учество во овој проект во кој ќе има одлични мотивирачки награди и можност најдобрата идеја да се вгради во Буџетот на ОГБ за 2017 година) и испитување на деловното опкружување на ОГБ ( согласно стандардот за бизнис пријателска општина имаме обврска секоја година да спроведуваме испитување на деловното опкружување на ОГБ).

18.10.2016

**Подготвил**:
Сашо Трајков